**MK 13 IPA SO 02 15**

Твининг проект финансиран од ЕУ: „Понатамошно подобрување на системот за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации“

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА МАКЕДОНСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Ко-проектен лидер Ана Тецилажиќ Горшиќ

Краткорочен експерт Јосипа Чешновар

7 април 2017

Нацрт IV

Согласно член 20 (4) од Законот за Националната рамка на квалификации (Службен весник на Република Македонија бр. 137/2013), Националниот одбор за НРК, на состанокот одржан на xxxxyyyyy го усвои следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА МАКЕДОНСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

**Член 1**

**Општи одредби**

(1) Со овој Правилник се уредува содржината, формата и начинот на водење на Регистарот на Македонската рамка на квалификации (во натамошниот текст: Регистарот)

(2) Јавно достапните информации во Регистарот се јавно добро.

(3) Стандардите на занимање и стандардите на квалификации вклучени во Регистарот се јавно достапни и објавени во целост.

(4) Образовните програми кои се во согласност со стандардите на квалификации од Регистарот им припаѓаат на понудувачите на образовни услуги и не се објавуваат. Само основни информации за образовните програми се дел од јавно достапниот Регистар.

**Член 2**

**Содржина на Регистарот**

(1) Регистарот содржи стандарди на квалификации за основно и гимназиско образование, основно и средно уметничко образование, стручно образование и обука обезбедено преку формалниот образовен систем и надвор од него, постсредно образование и високо образование.

(2) Регистарот содржи образовни програми кои водат кон постигнување на квалификации врз основа на регистрирани стандарди, а особено програми за основно и гимназиско образование, програми за основно и средно уметничко образование, програми за формално стручно образование и обука и програми за неформално образование на возрасни, програми за постсредно образование, студиски програми и други програми обезбедени од високообразовните институции.

(3) Само стандардите на квалификации и програми за квалификации одобрени согласно постапките утврдени во Правилникот за работа на Националниот одбор за македонската рамка за квалификации можат да бидат вклучени во Регистарот.

**Член 3**

**Стандардизирање на содржината на Регистарот**

(1) Регистарот се чува и води во информациски систем кој ги содржи информациите во стандардизирана форма.

(2) Содржината на стандардите за квалификации вклучени во Регистарот, како што е пропишано со член 6 од Законот за национална рамка на квалификации, го содржи следното:

- назив на квалификацијата како назив кој се добива по успешно завршување на образовната програма,
- тип на квалификацијата што се доделува, која е или образовна или стручна квалификација, согласно член 11 од Законот за национална рамка за квалификации. Поконкретно, информациите за типот на квалификацијата можат да разликуваат: општообразовна квалификација, стручна и образовна квалификација, целосна квалификација од образование за возрасни, парцијална квалификација од образование за возрасни, високообразовна квалификација, професионална квалификација;
- Ниво или под-ниво на квалификација како што е пропишано со член 9 од Законот за национална рамка за квалификации;
- Код на квалификацијата кој се доделува на квалификација која е оценета од страна на надлежните органи и усвоена од Националниот одбор за Македонската рамка за квалификации;
- кредитна вредност на квалификацијата како што е пропишана во член 10 во Законот за националната рамка за квалификации;
- опис на квалификацијата и

- содржина на квалификацијата (услови за запишување, број на задолжителни и изборни предмети, односно модули, начин на проверка и критериуми за проверка на резултатите од учењето, клучните резултати од учење, листа на предложените наслови на модули, каде е соодветно, и можности за проодност).

**Член 4**

**Формат на Регистарот**

(1) Регистарот се води електронски, во соодветен информациски систем.
(2) Информацискиот систем на Регистарот се состои од стандарден компјутер, телекомуникациска опрема и инфраструктура, релевантен софтвер и сите податоци што се внесуваат и складираат во информацискиот систем.
(3) Информативниот систем е централно место за архивирање на податоците за регистрација и другите записи и статистички податоци од Регистарот, како и официјални документи и други докази кои се чуваат електронски.
(4) Формата на Регистарот дозволува да се направи упатување помеѓу квалификациите вклучени во Регистарот и соодветните стандарди на занимање кои се чуваат во Регистарот на Министерството надлежно за труд и социјална политика.
(5) Формата на Регистарот дозволува да се направи упатување помеѓу квалификациите вклучени во Регистарот и соодветните образовни програми кои доведуваат до постигнување на соодветната квалификација, доколку тие првично се чуваат на друго место.
(6) Условите, критериумите и видовите на електронски пристап до информацискиот систем, како и размената на електронски информации помеѓу Регистарот и другите информативни системи, ги регулира Министерот за образование и наука.

**Член 5**

**Управување со Регистарот**

(1) Регистарот го води Министерството за образование и наука.

(2) Министерството за образование и наука е одговорно за обезбедување на континуирана функционалност на системот за ИТ на Регистарот и за обезбедување на

технички ресурси кои се неопходни за достапноста на електронските податоци обезбедени преку Регистарот.

(3) Министерството може да пренесе (аутсорсира) задачи поврзани со развојот и одржувањето на системот за ИТ на Регистарот на друго правно лице, во кој случај другото право лице - давателот на услуги е одговорен за обезбедување на заштита и доверливост на податоците кои не се наменети за јавноста.

**Член 6**

**Пристап до Регистарот**

(1) Веб-страницата на Регистарот е составен дел од системот за ИТ на Регистарот. Веб-страницата им овозможува на посетителите да пребаруваат и да пристапуваат до јавните податоци и извештаи од Регистарот, како и до документи поврзани со функционирањето на Регистарот.
(2) До веб-страницата на Регистарот се пристапува преку веб-страницата www.mrk.mk.
(3) Пристапот до информациите од јавен карактер и извештаите што се достапни во Регистарот е бесплатен.

**Член 7**

**Заштита и складирање на податоци**

(1) Министерот надлежен за образование и наука ги определува мерките, средствата и условите за обезбедување, чување и заштита на податоците во Регистарот.
(2) Министерството за образование и наука е надлежно за спроведување на мерки за заштита на складираните податоци во системот за ИТ на Регистарот, како и за одржување на системот за ИТ и за проверка на неговата функционалност.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.